Врз основа на член 384,385 387 став 3, 388, 388-а и 388-б од ЗТД, Одборот на директори на АД за Неметали "Огражден" Струмица ОБЈАВУВА:

**П О В И К**

За свикување на вонредно собрание на акционери на АД за Неметали "Огражден" Струмица за ден 01.11.2023 година (среда) со почеток во 09 часот, а со следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

I Процедурален дел:

1. Утврдување на кворум за работа на Собранието
2. Избор на 1 (еден) бројач на гласови
3. Избор на претседавач на Собранието

II Работен дел:

1. Донесување на одлука за отповикување на членови на Одборот на директори
2. Донесување на одлука за избор на членови на Одборот на директори
3. Одлука за одобрување на одлуката на Одбор на директори за зголемување на основната главнина во Друштвото за производство, трговија и услуги ОГРАЖДЕН МИКРОМИКС ДООЕЛ увоз - извоз Струмица

Годишното собранието ќе се одржи во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239.

Право на присуство, учество во работата и одлучувањето на годишното собранието имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Македонија, лично или преку полномошник со полномошно кое не мора да биде заверено на нотар. Акционерот мора да го извести друштвото по писмен пат за назначувањето на полномошник на адресата на друштвото,во архивата на друштвото или електронски на електронска пошта contact@ograzden.com.mk.

Секој акционер кој сака да учествува во собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна до почетокот на седницата.

Акционерите кои поединечно или заедно имаат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предлагаат точки за дополнување на дневниот ред или да предлагаат одлуки за усвојување на собранието најдоцна 8(осум)дена по објавувањето на повикот. Прашања можат да се поставуваат до завршувањето на собранието.

Правилата и начините на постапување, детално, се објавени на веб страната на друштвото www.ograzden.com.mk.

Материјалите за работа на годишното собрание ќе бидат достапни на официјалната интернет страница на АД за Неметали "Огражден" Струмица и во просториите на АД за Неметали "Огражден" Струмица на ул. "Маршал Тито" бр. 239 секој работен ден од 13 - 15 часот.

АД за неметали
"Огражден" Струмица